СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Второто продолжение на Педесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 16 октомври 1996 година

Скопје, октомври 1996 година

**II ПРОДОЛЖЕНИЕ ОД 54 -та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА Република Македонија, одржана на 16.X.1996г.**

ДИСКУТАНТИ:

1. АРСОВСКИ БРАНКО - 25
2. ДАВЧЕВ САНДЕ - 25, 32
3. ЛАЗАРОВ ЈОВАН - 13
4. НАУМОВСКИ ВАНЕ – 24
5. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 1, 2 (води седница)
6. ПОПОВСКИ ВЛАДО - 3, 4, 5, 6, 8, 9, 10, 29, 33, 34
7. РАМАДАНИ ХИСЕН - 18
8. СТОЈКОВСКИ БЛАГОЈ - 18

Дневен ред:

Т.1 - З.за париична постапка стр.1
- не е дискутирано

Т2 - З.за нотарски работи.стр.2

Т.3 – Пред.на З.за утврдување на одн.меѓу новите еди.на ЛСАМ стр.7

Т.4-Ратиф.на Договор за патен сооб. РМ-Обедин.крал. стр.10.

Т.5-Рат.за трг. меѓу РМ и СРЈ.стр-12

Т.6- Закон за Заем.за набавки на резер.дел.на М.Жел. стр.15.

Т.7- Закон за допол на З.за Надвор. трг.работ. стр.- 16.

Т.8 -Зак.за игри на среќа. стр.18

Т.9.- Програма за фин.на Доградба на зград,направ.органи.стр.29.

Т.11.-Основање на Прат.гр.на Собр.со Парлам.на Полска.стр-35

- СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА -

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од второто продолжение на Педесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 16 октомври 1996 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1 со почеток во 13,50 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Тито Петковски, претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжува со работа по Педесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Санде Џамбазовски, Јован Србиновски, Ристо Трајков, Александар Ивановски, Митко Ристески, Илија Гоцевски, Николина Трајановска, Аце Коцевски и Лазар Димов , ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува

Дозволете ми во Ваше име и во мое име да му го честитам роденденот на пратеникот Милчо Трајков и да му посакам добро здравје и многу успех во работата.

Продолжуваме со општиот претрес по Предлогот на закон за парнична постапка.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

I/2.-ДВ/ОМ

Дами и господа пратеници,

Како што Ви е познато за донесување на овој закон е потребно двотретинско мнозинство, јас Ви предлагам да ја прекинеме расправата по загонот бидејќи немаме ни 80 пратеници во салата, а не потребно мнозинство да го донесеме овој закон.

Предлагам претресот по текстот на Предлогот на законот да го продолжиме откако ќе се создадат услови за тоа.

Минуваме **на втората точка** од дневниот ред - Предлог на закон за вршење на нотарски работи.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за внатрешна политика и одбрана поднесе амандман на член 11 за менување на став 4 и на став 6 , член 15 став 5, член 18 став 1 и 2 и за бришење на став 3, член 27 став 2, за додавање текст по главата 4, член 84 став 2, член 85 , член 99 став 1 *!лен 105 став 2, член 106 став 3, член 109 став 1 и член 146 став 3, член 115, на насловот на главата 11 и на член 117,по член 118 за додавање текст , член 119 за бришење на став 5, член 121 став 2 и 5 , член 123 став 1,2 и 3, на под насловот пред член 125 и на член 125» член 126 став 4, член 129 за менување на став 1, за бришење на поднасловот пред член 141 и на

член 141, член 142 став 3, член 143 став 3 , член 144 став 1 и член 146 став 3 и на член 143 став 2, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на закон.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 11 точка 7, член 13 за додавање нов став 7 по ставот 6, за менување на насловот на глава 11 и аз бришење на поднасловите и на член 117 , член 143 став 1 за бришење на поднасловот пред «ленот 144 и член 144 и за бришење на поднасловот пред член 147 и член 147, по кои Владата не се произнела.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 115 по кој Владата не се произнела.

Комисијата за внатрешна политика и одбрана поднесе амандман со иста содржина, со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Џеладин Мурати и Газменд Ајдарага поднесоа амандмани на поднасловот по член 28 и на член 29, за додавање нов став 3 по став 2, за кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 11 точка 7 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

отворам претрес по амандманот на член 13 за додавање на нов став 7 по став 6 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на поднасловот на член 28 поднесен од пратениците Џеладин Мурати и Газменд Ајдарага.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара  збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање?

Кој е за, молам да крене рака? (Никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на поднасловот по член 28 поднесен од пратениците Џеладин Мурати и Газменд Ајдарага.

отворам претрес по амандманот на член 29 за додавање нов став 3 по став 2, поднесен до пратениците Џеладин Мурати и Газменд Ајдарага.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

I/5.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (1)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 29 за додавање на нов став 3 по став 2, поднесен од пратениците

Џеладин Мурати и Газменд Ајдарага.

Отворам претрес по амандманот за менување на глава 11 и за бришење на под насловот пред член 117 и член 117, поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАД0 ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 143 став 1 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за бришење на поднасловот пред член 144 и член 144, поднесен од ЗПК.

I/6.-

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за бришење на поднасловот пред член 147 и член 147 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Пратеникот Ристо Масев поднесе амандман на член 41 став 1 точка б по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Пред да преминеме на гласање, молам за информација колку пратеници имаме присутни во салата.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Предлогот на законот го ставам на гласање?

Кој е за, молам да крене рака? (61)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за вршење на нотарските работи.

Минуваме на **третата точка** од дневниот ред - Предлог на закон за уредување на односите меѓу новите единици на локалната самоуправа, единиците на локалната самоуправа од кои произлегуваат

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес

Пратениците Алил Џаферовски и Туше Гошев поднесоа амандман на член 5 за бришење на став 1 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Ризван Сулејмани поднесе амандмани на член 5 за бришење на став 2 по кој Владата не се произнела.

Законодавно правната комисија поднесе амандмани на член : и член 6 став 2 и 3, член 8 став 1, член 9 и на член 10, по кои Владата не се произнела.

Комисијата за политички систем поднесе амандман на член 3 став 4 со кој се согласил претставникот на Владата и тој е состав* дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 5 за бришење на став 1 поднесен од пратениците Алил Џаферовски и Туше Гошев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 5 за бришење на став 2 поднесен од пратеникот Ризван Сулејмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (1)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 5 за бришење на став 2 поднесен од пратеникот Ризван Сулејмани.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 2 и 3 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (7)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 8 став 1 поднесен од ЗПК.

Отворам претрес по амандманот на член 9 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 10 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам  кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (63)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за уредување на односите меѓу новите единици на локалната самоуправа и единиците на локалната самоуправа од кои произлегуваат.

Минуваме на **Четвртата точка** - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Македонската Влада и Владата на Обединетото Кралство, за меѓународен патен сообраќај, со предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Македонската Влада и Владата на Обединетото Кралство за меѓународен патен сообраќај.

Кој е за, молам да крене рака? (63)
Дали има некој против? (Нема)
Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (63)
Дали некој има против? (Нема)
Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека е усвоен предлог на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (64)
Дали има некој против? (Нема)
Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата меѓу Македонската Влада и Владата на Обединетото Кралство, за меѓународен патен сообраќај.

Минуваме на **Петтата точка** - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за трговија меѓу Владата на Република Македонија и Сојузната Влада на Сојузна Република Југославија, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот аз донесување на законот.

Молам, кој бара збор? ')) о

Има збор г-динот Јован Лазаров.

II/1.- НН/ЉР

**ЈОВАН ЛАЗАРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Пратеничката група на Социјалистичката партија ја поддржува и ја поздравува оваа Спогодба и смета дека таа за нас како мала држава отвора голем простор за продажба на нашите производи.

Македонија и Југославија се приближно на исто ниво на технолошки развој и од ваквата спогодба сметаме дека корист ќе имаат двете држави.

За оваа Спогодба најмногу се заинтересирани производителите на раноградниинарски производи кои во изминатите 6 години ги продаваат своите производи без цена или во најнов случај нивните производи скапуваа на нивите. Истото се однесува и за голем број индустриски производи кои тешко можеме да ги продадеме на пазарите на развиените земји.

Своевремено, ако се сеќавате ние ставивме одредени забелешки на Спогодбата со Словенија, не затоа што бевме против, туку затоа што Словенија е многу поразвиена земја од нас и фактички ние сме нејзин пазар, а не и обратно. Ова може да се потврди со фактот ако се спореди колку ние извезуваме во Словенија и колку увезуваме,. Меѓутоа, Македонија економски може да тргне напред само ако има отворени граници и отворени пазари пред се со сите наши соседи и земји кои што имаат приближно еднакво ниво на развој. Од тие причини ја повикуваме Владата да вложи напори вакви спогодби да се вклучат и со другите соседни држави (Албанија, Бугарија, а знаеме како треба тоа и со Грција да се среди). Тоа значи спроведување во делот на политиката на еквизистанца која ние многу успешно ја спроведуваме во изминатите 6 години.

II/2.-

На крај сакам да истакнам дека за потпишувањето на оваа Спогодба свој придонес даде Социјалистичката партија со посетата и разговорите со првите луѓе на Социјалистичка партија во Србија низ дијалог го иницира и наметна овој проблем кој денеска се спроведува на дело на заеднички задоволство во интерес на двете соседни држави.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за трговија меѓу Владата на Република Македонија и Сојузната Влада на Сојузна Република Југославија.

Кој е за, молам да крене рака? (63 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање?(никој)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Кој е за, молам да крене рака? (63 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање?(никој)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот по предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам, претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (61 пратеник)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање?(нема)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата за трговија меѓу Владата на Република Македонија и Сојузната Влада на Сојузна Република Југославија.

Минуваме на **точката б** - Предлог за донесување на закон за гаранција на Република Македонија по Договорот за заем за набавка на резервни делови за вагони и локомотиви за Македонските железници, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за гаранција на РМ по Договорот за заем за набавка на резервни делови за вагони и локомотиви за Македонските железници.

Кој е за, молам да крене рака? (61 пратеник)

Дали има некој против?(нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Кој е за, молам да крене рака? (61)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлог на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Законодавно - правната комисија поднесе амандман на член 1 со кој се согласи претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (60)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за гаранција на Република Македонија по Договорот за заема набавка на резервни делови за вагони и локомотиви за Македонската железница.

Минуваме на **точката 7** - Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за надворешно - трговско работење, со Предлог на закон

II/5.-

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на закон и Извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на Закон за дополнување на Законот за надворешно - трговско работење

Кој е за, молам да крене рака?(63 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (59 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (61 пратеник)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за дополнување за надворешно трговско работење.

Минуваме на **точката 8** - Предлог за донесување на закон за игри на среќа и за забавни игри.

Предлогот за донесување на закон и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор?

Има збор г-динот Хисен Рамадани.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги,

Имам само. една сугестија за предлагачот на Законот при подготвувањето на Предлогот на текстот да се води сметка евентуално да се направи разлика помеѓу игрите на среќа и забавните игри. Особено тоа важи за обврските што ги имаат према општеството едниот вид на игри од другиот вид на игра со оглед што забавните игри треба да имаат полесен режим и за нивна работа и дејност и обврските према државата за разлика од игрите на среќа кои што имаат сосема друг карактер.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Стојковски

**БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, навистина овој проект на закон за игри на среќа не е од законите кои што играат битна

улога во формирањето на нашата држава, меѓутоа сметам дека и овој е еден од поспецифичните закони бидејќи со него треба да се регулира една многу битна материја, интересна и за младите и за посериозните луѓе, затоа што Законот има и своја специфика во однос на одржување на истите.

Пред се добро е што е кажано дека ќе се елиминира монополистичкото однесување во оваа сфера, меѓутоа мора да кажам дека сум задоволен од критериумите што Законот ги искажува во однос на депозитот на средства што треба да се стават, технолошките, кадровските и што е најбитно да има правила за игра во секоја играчница, меѓутоа има неколку забелешки и тоа прво начелни.

Дали со овој законски проект треба да се оди дотолку во дефинирање на некои услови кои сметам дека треба да бидат регулирани на друг начин преку донесување на посебни упатства или посебни правила од Министерството, бидејќи не ми е сфатливо да се дефинира колку метри квадратни треба да има за еден апарат на среќа. Тука мора да кажам дека изготвувачот одел по некои светски норми за играчници за игри на среќа меѓутоа се водел и од некои состојби што ги имаме сега во Републиката. Од таа причина мора да кажам дека играчница или казино во светските метрополи на градови на забава Лас Вегас,Сарино не можат да се организираат надвор од хотели кои што немаат по 4-5 ѕвездички, не може да се организира посебна играчница надвор од овие хотели која пружа високи угостителски услуги. Кои се тие високи угостителски услуги? Служење на виски или нешто друго.

Уште нешто мора да кажам.

Во светот во хотелите, ресторaните каде се пружат многу високи угостителски услуги, зборувам за Лас Вегас, зборувам за Рино не смее да има играње на среќа, да не кажам коцкарница.

II/8.-

Значи децидно да се каже дека само во хотелите со 4-5 ѕвездички може да се одржува играчница всушност позната под име казино, додека никако во посебни играчници со кружење на некоја висока угостителска услуга која ниту може да се дефинира, ниту пак некоја дефинираност затоа што за еден ако е висока угостителска услуга едното за другиот е другото. Тука се одело пак од некои состојби што ги имаме во нашата Република, меѓутоа тоа не смее да биде и мора да се елиминира.

Исто така, се оди во зафаќање во некои други сфери во законите, како што е за заснивање за работни односи кој може и како може да основа. Ние имаме закон за работни односи кои мора да биде применет. Овој закон не може да го елиминира тој закон. Тука мора да се води сметка. Не ни е јасно, иако имав можности да присуствувам на многу автомат - клубови, па и во Клубот во Куманово, спортскиот клуб кој има свој автомат клуб преку Лотарија на Македонија, не ми е јасно од каде на предлагачот му е дојдена идејата дека треба најмалку 6 метри квадратни простор за еден апарат. Тоа се еднорачни џекови, и најголем е метар на метар. Не знам од која причина токму 6 метри квадратни се земени и мора да се размисли дека тој простор е огромен.

Уште една работа, а тоа е од каде сега излегува дека мора најмалку 15 апарати да бидат задржани, бидејќи ние одиме на пазарна економија. Ако има профит со пет апарати, донесува добит на државата, донесува добит на сите социјални, куманитарни, здравствени, спортски и другите установи кои ќе ги користат овие средства зошто да не биде така. Зошто условуваме 15. Со 15 ако не е организирано како треба може да има ист промет како што има и 5. Тука мислам Законот не би требало тоа да го регулира, туку тоа да се регулира со други акти понатаму.

II/9.-

Исто така, и овде се оди дека автомат - клубови може да се организираат во хотели со 4 и 5 ѕвездички, и што е на место и исто така автомат клубови сега и во светот морам да ви кажам дека ги има по самопослуги. Можат да се организираат надвор, меѓутоа не ми е сфатливо сега и во овие автомат клубови да се организираат надвор велат мора да се пружи угостителска, не висока, но да се пружи угостителска услуга. Мора да ни биде јасно дека надвор од хотелите во овие посебни играчници во автомат - клубови воглавно сакале или не сакале мора да признаеме дека е присутен младиот свет, од 18 години бидејќи на помалите од 18 години со закон забрануваме употреба на алкохол врзана малку со губиток не е добро. Мислам дека има каде се служи угостителски услуги тоа се хотели и секогаш треба таму да бидат, а не како што е дадено во Законот.

Кога сум кај забавните клубови, игри на флипери, билјард сали и исто така критериумот од 5 метри квадратни не ми е јасен. Неможам да го сфатам имајќи едно искуство во оваа област. Сметам дека тоа во Законот треба да се елиминира, понатаму заедно со министерот за урбанизам, градежништво, Министерството за стопанство и Министерството за финансии треба да се изградат поубави критериуми во однос на тоа што навистина треба за да се отвори една флиперница. Исто така, пак тука најмалку 10 апарати. Зошто? Ако и пет апарати имаат профит ние и со 5 апарати ќе работиме. Не прифаќаме една ваква солуција ставена во Законот.

Мора да кажам дека по однос на процентот кој ќе остане за играчи кои играат во автомат - клубовите се предлага 87% да оди за оние што играат а 13% да оди за државата и сопственикот кој ќе добие лиценца од државата. Ние имаме автомат - клуб со околу 20 апарати, вработени спортисти и мора да кажам дека едвај од 16% што ни дава Лотарија едвај

можеме да исплатиме и плата на вработените, а процентот 87%, 13 за оние кои сакаат да играат на игри за среќа е извонреден. Во светот не е тој сооднос, многу е помал односот за играчи бидејќи да се води сметка дека треба да се платат вработени, треба да се платат комуналите кои секоја просторија мора во една локална самоуправа да ги поднесе и предлага да се размисли дали ќе можеме да обезбедиме средства за сите овие организации кои на еден начин ги финансираме од овие игри на среќа.

По однос на алтернативите во член 21 јас сум за алтернативата од проста причина дадената алтернатива, заради сигурност на државата бидејќи Република Македонија има право на приредување, издавање на лиценци, може да се случи некој да ја земе лиценцата да работи 28 дена а 29 да ја откаже. Тогаш има проблем според Законот како е кажано.

По однос на членот 28 втората алтернатива, третиот став треба да остане со кој ќе се овозможи и странците со заедничко вложување можат да имаат формирано играчница, не како што е дадено да не може ниеден да вложи средства. Ние рековме дека сме отворени за секаков капитал, па и ова е еден капитал кој се донесува и кој треба да го имаме.

**БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ**: (продолжение)

Добро е што ќе имаме државно пломбирање, добро е што ќе имаме контрола - денес ја немаме таа контрола во оваа сфера бидејќи не е само лотарија на Македонија која има игри на среќа, има уште многу низ Македонија. Верувам дека не можевме да воспоставиме финансиска контрола, сега ќе воспоставиме.

Меѓутоа, на крај имаме исто така еден предлог за размислување, надоместокот што е ставен за пломбирање, што мора да се изведува на 6 месеци или 1 година, а по мој предлог мора на 6 месеци, бидејќи тие апарати се подлежни на расипување. Ако земете предвид колку пари се тоа, ќе излезе навистина дека нема да има можност да останат пари за овие организации што се спомнати во член 4.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Давчев.

**САНДЕ ДАВЧЕВ:**

Почитуван претседател, Почитувани колеги, јас сакам да изнесам некои барања од хендикепираните лица за член 4 за распределбата на средствата кои се остваруваат од игрите на среќа и забавните игри. Секаде во светот овие средства се наменети за хендикепираните лица. Кај нас во стариот закон се вметнаа Црвениот крст и Олимпискиот спорт, иако тие се влезени и во Буџетот на Република Македонија. Меѓутоа, сега се нудат и програми за социјално загрозено население, развој, за врвна наука, култура, а тоа значи дека ќе формираме еден буџет на средства кои се доста мали, така што кога ќе се поделат на сите овие кои се наведени во овој член 4, тогаш ќе добијат сите помалку и никој нема да ги оствари целите.

Морам да кажам дека пред две години кога го донесувавме законот за фондот за пензиско и инвалидско осигурување, ние избришавме еден член во овој закон каде што стоеја услови за вработување на тие

III/2.-

хендикепирани лица. Тогаш Владата рече дека ќе најде друг извор на вакви средства, бидејќи тоа не треба да стои во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, што беше и исправно. Меѓутоа, до ден денес Владата не најде такво решение и мислам дека е сега прилика овие средства што се за хендикепираните лица да бидат средства за отворање, за создавање услови за вработување на овие хендикепирани лица. Мислам дека како и досега распределбата треба да биде најмалку 70% за хендикепирани лица за создавање услови за вработување, а околу 30% треба да бидат за Црвениот крст и Олимпискиот спорт.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Ване Наумовски.

**ВАНЕ НАУМОВСКИ:**

Почитувани колеги, имам неколку мои гледања или забелешки на овој законски проект.

Прво, на член 19, кој го уредува постојаното и повременото уредување на игрите на среќа. Тоа се однесува и на лиценцата која се издава на спортските друштва. Голем дел од пратениците се претседатели на спортски клубови, така што постојниот предлог е од три месеци, а јас предлагам тоа да биде девет месеци, таа повремена лиценца да се издава на 9 месеци од следниве причини:

Обично спортската сезона, без оглед дали е ракомет или фудбал, екипата мора да го покрие тој период. Фактички овде би се нашле три пати фудбалското друштво или спортското друштво да побарува дозвола или лиценца за работа. Ми се чини дека овој предлог држи.

Второто мислење е за член 20. Кај критериумите се спомнуваат лица кои не можат да добијат лиценца, кои сториле стопански или финансиски престапи. Ми се чини тоа треба да се прошири и со лица кои сториле кривични дела против личноста и моралот. Тука не треба

многу да образложувам што опфаќа ова што го зборувам.

Член 21 беше спомнат од претходниот колега, алтернативата да се поддржи, исто така и јас ја поддржувам алтернативата со едно дополнување: оној процент од 50% што се дава да се плати на рати, предлагам да стои да се плати на шест рати. Значи 50% учество во моментот и другото на 6 рати.

Членот 77 ја регулира неподигнатата добивка. Тоа може да се случи од било кои причини и предлагам таа добивка што не ќе биде подигната да се зголеми наредната добивка, значи наредното коло.

И втор предлог, тоа да оди во хуманитарни цели. Може би во некои моменти тие неподигнати добивки ќе бидат мали, но може да се случи да биде од било кои причини неподигната. Имавме случаи одреден лоз на игра на среќа да се изгуби. Така што може да се работи за поголеми износи.

И посебно е карактеристично, тоа е главата 9, за даноците од игри на среќа. Мое мислење е, сугестија и размислување е дека овде се поклопуваме со делот или навлегуваме во делот на данокот од добивка и персоналниот данок. Овде посебно треба да се размисли дали на оваа глава дали навистина и е местото во овој дел или може да се направат корекции и измени во данокот од добивка и персоналниот данок. Овде сугестијата е како гледање.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Бранко Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Веднаш да кажам дека го поддржувам предлогот за донесување на овој закон и ги прифаќам сите оние причини кои се наведени во предлогот на законот и во таа смисла немам никаква забелешка, освен да го поддржам донесувањето на законот. Ова го поткрепувам и со едно

мое размислување и досегашно искуство во однос на претходниот закон, кога констатиравме дека во рамките на Република Македонија, а посебно за одредени локации од каде што доаѓам јас, дека голем број на автомати и игри на среќа беа лоцирани во рамките на одредени восписно образовни институции и во тој момент, наместо да имаме голема користи, ние имаме практично голема штета. А штетата беше во таа смисла што најголемиот број на ученици од основните училишта и други воспитно - образовни институции го напуштаа училиштето и беа присутни во оние објекти каде беа лоцирани овие игри на автомати и не случајно во Република Македонија во тој дел се зголемува бројот на воспитно - запуштени, запоставени, загрозени, па дури и малолетни лица кои се сторители на кривични дела. Така што во тој дел мислам дека законодавецот прави една квалитетна промена во однос на оваа работа, имајќи ги предвид сите оние критериуми кои се лоцирани во самиот закон и мислам дека на некој начин тука прават оградување дека понатаму може би и Министерството за финансии ќе има предвид, кога дава одредени дозволи за отворање на овие игри на автомати посебно да не бидат лоцирани до воспитно - образовните институции. Сега морам да ви кажам дека во Куманово имаме неколку такви автомати, кои се лоцирани исклучиво до основното училиште и не случајно е дека 30% од учениците се надвор од наставата користејќи ги овие автомати. Значи државата она што ќе го собере од тие автомати прави голема штета на малолетни лица тие да ги напуштаат училиштата, да имаме деликвентно однесување и на крајот на краиштата патологијата е присутна тука, со можност да прават кривични дела затоа што немаат материјални средства.

III/5.-

Моја сугестија е до предлагачот на законот и до ресорното министерство, во неговото натамошно лоцирање, доградување, би требало некоја одредба да биде поконкретна во однос на локацијата на сите овие објекти. Не е тоа некоректно ако се однесува за возрасната категорија која свесно меѓутоа и материјално подобна може да влегува во овие игри. Меѓутоа, кога се работи за деца и малолетни лица мислам дека тоа е една голема штета.

Добро е што г-динот Давчев овде покрена едно прашање и јас тоа сакам да го допотенцирам, заради тоа што во член 4 каде што се условите односно критериумите за корисниците на овие средства кои се собираат по овој закон, мислам дека е крајно време, а досега праксата покажа дека Министерството си дава за право да одредува на кого колку пари треба да му определи, дали на Црвениот крст, дали на инвалидските организации, спортот итн. Мое залагање е сепак во еден член да имаме една процентуална определба.

Во таа смисла, лично предлагам, на пример за инвалидските и хуманитарните организации, во кој дел би било посебно потенцирано вработување на инвалидите, бидејќи засега вработувањето на оваа категорија е многу запоставено, бидејќи имаме стопански организации кои се во транзиција, трансформација итн., и во последните две-три години немаме практично никакво вработување на инвалидните лица. Во таа мисла можеме ова да го поспешиме ако утврдиме дека 65% од сите средства кои се собрани по овој закон да припаднат на оваа категорија, а знаете дека во Република Македонија, имаме преку 25 илјади такви лица. Во таа смисла може би со овие 65% кои ќе ги утврдиме во еден член, тогаш ќе имаме некои сигурни средства за нивно вработување.

Потоа предлагам 20% да се однесува за врвниот спорт. Мислам дека спортот треба да добие одредена предност во овој дел и на крајот 15% да се однесуваат за другите корисници. Тука е социјалната програма, науката, културата и тн. Мислам дека на тој начин ќе направиме еден квалитет, а во меѓувреме ќе дојдеме во ситуација сите овие субјекти кои ги користат овие средства однапред да ги планираат своите активности. Сега, засега останува како ќе одлучи самото министерство односно Владата, односно Владата одлучува преку одредено министерство. Досега беше пракса преку Министерството за финансии.

На крајот уште еднаш да потенцирам дека го прифаќам овој Предлог на закон со овие мои сугестии.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

1. Собранието на Република Македонија го усвојува предлогот за донесување на закон за игри на среќа и забавни игри.
2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави предлог на закон, при што ќе ги има во предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела како и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.
3. Овој заклучок, заедно со извештаите на работните тела, како и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија, да се достави до Владата на Република Македонија и до Министерството за финансии.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

57 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање?

1 пратеник се воздржува од гласање.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

ПРЕМИНУВАМЕ НА **ДЕВЕТТАТА ТОЧКА** - Предлог на Програм а за финансирање на изградба, доградба, адаптација и поголеми поправки на згради на правосудните органи, казнено - поправните и воспитно поправните установи и за опремување на овие органи и установи во периодот од 1997-2001 година.

Предлогот на Програмата и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор, г-динот Владо Поповски, министер за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Сосема накусо, за да не помине точката без да биде забележана, бидејќи навистина претставува нов квалитет на односот на првата власт, на парламентот кон судството односно кон третата власт која според Уставот на Република Македонија, а исто така и според законот за судовите и другите материјални процесни закони се формира како една од трите власти. Имено, парламентот го покажува својот однос кон таа власт како однос со кој се фундира патот на создавањето на автономно непристрасно судство во Република Македонија.

III/8.-

Значењето на донесувањето на оваа програма произлегува н од фактот што таа власт во рамките на претходниот систем, во кој до голема мерка беше инструментализирана во функција на политиката, подолго време беше маргинализирана по сите нејзини атрибути или по линија на сите нејзини статусни параметри. Еден од нив беше и просторот во кој судската власт ја остваруваше својата функција тогаш односно во кој судската власт денес ја врши својата основна задача на правораздавање. Во таа смисла исто така и опременоста и другите технички нужни услови практично беше поставени на маргините на претходниот систем. Во таа смисла, оваа значајна област или оваа власт која фактички и формално и придава правен карактер на државата во целина и на сите други структури, заостана огромно многу во однос на условите во кои работи, во однос на материјалниот статус на лицата кои ја остваруваат таа функција односно денес кои ја остваруваат таа власт и во таа смисла донесувањето на таа програма е вистинска интервенција, во практичното заостанување на таа област кое заостанување е веќе непринципиелно, а во исто време и неподносливо од становиште на создавање на општи услови за компонирање на правна држава. Илустраиците во голема мерка беа соопштувани во претходниот период за состојбата во областа на условите на работа на судската власт. Само едно да споменам, судската зградата кога започна да се гради пред пет до шест години има услови или имаше услови, доколку се продолжи на ист начин, да остане споменик на оценувачкиот однос на првата и втората власт кон третата власт односно имаше опасност да постане практично индикатор за разликата меѓу нормативното и реторичкото и фактичко однесување на првата и втората власт кон третата власт.

Со ова програма се надеваме, со оглед на издашаноста на изворот и со оглед на тоа што тој извор е законски легитимиран и донесен е или утврден од овој парламент во времето кога беше донесен законот за судските такси, дека се создава вистинска финансиска и материјална основа во догледно време во едно среднорочје во време од пет години квалитетно да се измени состојбата во обезбедувањето на простор за правосудните органи и институции и во нивното опремување.

Се надевам дека овој парламент, не е така доцна, може би во наредните 8 до 10 месеци ќе најде сили да го донесе законот за платите на судиите, за да се интервенира и во материјалниот статус на носителите на судската функција и во исто време веројатно во наредната година, до две години, претпоставувам дека ќе најде исто така сили, откако ќе се изоди еден пат на искуство и откако ќе се наталожи одредено сознание, да донесе и посебен судски буџет и да го издвои судскиот буџет од буџетот на извршната и управната власт и на тој начин да ја постави судската власт на темелите на модерните основи и принципи на власт која е независна, непристрасна, а во исто време дава и правен карактер.

Имав чувство дека сум должен да го кажам ова заради создавање така да речам на историја на односот на парламентот кон судската власт или за создавање документација на овој парламент која ќе укаже исто така на растењето на судската власт како рамноправна, самостојна и независна власт во рамките на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Давчев.

IV/1.-JJ/OM

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Давчев Санде.

**ДАВЧЕВ САНДЕ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги , јас сакам да кажам неколку збора, мислам дека за Предлог програмата ниеден пратеник нема да биде против. Јас имам една забелешка, мислам дека она што го направивме при донесувањето на Законот за судовите, за судските одделенија, сега и финансиски ни се провлекува односно за отворање на судски одделенија во Валандово, Демир Хисар, Македонски Борд и Пробиштип и сите анализи покажуваат дека не треба да се отворат одделенија, а мислам после, дали нашиот состав или некој друг ќе го измени Законот и инвестициите во овие градови ќе бидат залудни.

Втората работа е што сакам да кажам дека кога се разгледуваше законот во Комисијата за финансирање и буџет, јас предложив, ако не во законот, мора да биде дадено бидејќи носиме Предлог програма за финансирање, мора да бидат дадени бар приближни вредности на изворите кои се, а тоа е 50% од судските такси, секоја година приближно колкави ќе бидат и колку средства ни се потребни за инвестирање по години за сите овие што се наброени. Не мора тоа да биде во Предлогот, но барем во едно образложение за да знаеме бидејќи периодот е земен до 2001 година а не до 2005, сигурно за тој период е правена некаква анализа. Сепак , ние пратениците мораше да добиеме или дополнително да добиеме едно образложение зошто е земе- но до 2001 година, а можеби требало до 2005 година и мора во образложението да стои финансиски колку ќе коштаат сите тие доградби, адаптации и осовременување на судските простории.

Инаку мислам дека министерот за правосудство ќе смогне сили барем тоа да го реши со кредитирање бидејќи изворите се сигурни и да го забрза за една година и да не се чека тоа да не се прави за 5 години, со кредитирање да се враќа, ако треба нека се продолжи, бидејќи ќе се јават и дополнителни трошоци за камати, да се продолжи до 2002 година, но тоа да биде побрзо за да се создадат услови за работа на правосудството.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на програмата.

Законодавно правната комисија поднесе амандмани на основот на програмата за преформулирање на дел 1, делот 3 и дел 7 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на основот на програмата поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес за преформулирање на амандманот на дел 1 за преформулирање.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на дел 3 поднесен од ЗПК..

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на дел 7 поднесен од ЗПК.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

И овој амандман се прифаќа.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на програмата.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлог на програмата и Предлогот на програмата ја ставам на гласање.

Кој за молам, да крене рака?

57 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Молам за информација колку пратеници се присутни.

Ова гласање правно не е валидно бидејќи во салата се присутни 59 пратеници.

(По пребројувањето на присутните пратеници во салата се изврши повторно гласање).

Молам Предлогот на програмата го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

61 пратеник гласаа за.

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека Собранието ја донесе Програмата за финансирање на изградба, доградба, адаптација и поголеми поправки на зградите на правосудните органи, казнено поправните и воспитно поправните установи за опремување на овие органи и установи во периодот од 1997 до 2001 година.

Минуваме на **точка Единаесет** - Предлог на одлука за основање пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Полска.

Предлогот на одлуката Ви е доставено односно поделен.

Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам дали некој бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на одлуката и Предлогот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

61 пратеник гласаа за.

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за основање пратеничка група на Собранието на РМ за соработка со Парламентот на Република Полска.

IV/5.-

Бидејќи остана една точка незавршена од оваа седница, а тоа е законот за парична постапка, дополнително ќе Ве известам кога ќе продолжи оваа седница.

Молам, дали имаме услови да продолжиме со работа, со новата седница.

Според присутните пратеници нема кворум и очигледно нема услови за работа зашто има присутни само 54 пратеника.

Дополнително ќе Ве известам кога ќе се одржи оваа седница.

(Седницата заврши во 15,00 часот).